ФИЛХАРМОНИЈА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
бул. Гоце Делчев бр.2 ▪ 1000 Скопје▪тел: +389 2 3118 450 ▪ факс: +389 2 3165 bul. Goce Delcev br.2 ▪ 1000 Skopje ▪ phone: +389 2 3118 450 ▪ fax: +389 2 3165 753 ▪ contact@filharmonija.org.mk
www.filharmonija.mk

Врз основа на член 77-ж и 77- е од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Предлогот на Комисијата за постапка за вработување даден на Записник бр.04-299/1 од 17.05.2023 година, а во врска со работното место тути гудач Виола (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А06 002 категорија А – уметници ниво А06 – националност - Македонец/ка, од Јавниот оглас за вработување бр.01/2023, објавен во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха" на 08.04.2023 година и на веб страната на институцијата и член 12 од Статутот бр.02-126/3 од 05.03.2021 година (пречистен текст) на НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје, Директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје ја донесе следната:

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ФИЛХАРМОНИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL - FILHARMONIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 04-299/2
17.05. 20 23 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ОДЛУКА

за избор на кандидат на работно место тути гудач виола по јавен оглас за вработување бр.01/2023

1. По спроведената постапка за вработување на еден извршител на работното место, тути гудач Виола (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А06 002 категорија А – уметници ниво А06 националност македонец/ка по објавениот оглас бр.01/2023 се избира кандидатот:

   - Верица Ајтовска .

2. По конечноста на одлуката за избор, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на утврдена потреба, а по претходно обезбедени финансиски средства бр.18-12827/2 од 28.12.2022 година и бр.18-4138/2 од 30.03.2023 година, НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје, објави јавен оглас бр.01/2023 за вработување на едно лице – македонец/ка, за работно место тути гудач виола со шифра КУЛ 03 04 А06 002 категорија А – уметници ниво А06, на определено време до 31.12.2023 година.

На огласот објавен во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха" на 08.04.2023 година и на веб страната на институцијата се пријави 1 (еден) кандидат.

Директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје донесе Решение бр.04-223/1 од 12.04.2023 година за формирање на Комисија за постапка за вработување по јавниот оглас бр.01/2023 .

Комисијата за спроведување на постапка за вработување на Записникот за административна селекција бр.04-236/1 од 25.04.2023 година, утврди дека пријавениот кандидат ја помина администратвината селекција и истиот беше повикан на аудицијата која се одржа на 17.05.2023 година.

бул. Гоце Делчев бр.2 ▪ 1000 Скопје▪тел: +389 2 3118 450 ▪ факс: +389 2 3165 bul. Goce Delcev br.2 ▪ 1000 Skopje ▪ phone: +389 2 3118 450 ▪ fax: +389 2 3165 753 ▪ contact@filharmonija.org.mk www.filharmonija.mk

Комисијата за спроведување на постапка за вработување на Записникот бр.04-299/1 од 17.05.2023 година, за спроведената аудиција од 17.05.2023 година како најдобар кандидат за работното место - Тути гудач Виола (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А06 002 категорија А - уметници ниво А06- националост македонец/ка, на Директорот му го предлага кандидатот – Верица Ајтовска.

Од се погоре изнесеното, Директорот на НУ Филахрмонија на РСМ – Скопје одлучи како во изреката на одлуката.

Правна поука: Против оваа одлуката може да се поднесе приговор до Управниот Одбор на НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје, во рок од 8 дена по приемот.

Доставено до:
-Кандидат/и
-Човечки ресурси
-Огласна табла и Веб страна
-Архива

НУ Филхармонија на РСМ -Скопје
Директор
Тина Иванова

_______________________________